# GRA PHI CON

ГРАФИКОН

# ГрафИКОН
# GraphICON

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

Отворено графичко студио-Музеј на град Скопје
Open Graphic Art Studio-Museum of the City of Skopje

Декември 2008 December

## *Фигуративниот дискурс во тековната македонска графика*

Алхемискиот процес на графичката постапка е поинаков од сликарскиот. Додека сликарот може непосредно да го следи процесот на работа и при тоа да ја контролира и коригира сликата, графичарот не може да претпостави каков ќе биде крајниот исход сé додека не го отпечати пробниот графички лист. Тоа од една страна го лишува авторот од уживање при следењето на процесот на настанувањето на графиката, но од друга страна му овозможува достигнување на завидни технички довршености. Секако, и факторот на изненадување му дава дополнителна возбудливост на графичкиот процес.
Вољата којашто го тера уметникот да се бави со графика во еден дел е и тежнението да ја вообличи донекаде лабавата форма на цртежот цврсто и конечно.
Извесно е дека ракувањето со технолошко -техничките средства ги ослободува кај уметникот оние сили коишто не доаѓаат до израз кај многу полесната постапка на цртање. Механичкиот процес на печатење ги сублимира поединечните фази на работа во единствена целина. Нема поголема радост од онаа кога на пробниот отпечаток се следи дозревањето на графичкиот лист...
Оваа изложба нема интенција да понуди комплетен пресек на сé она што е релевантно во доменот на современата македонска графика. Едноставно, се работи за едно субјективно опсервирање на она што е свежо и инвентивно на полето на графиката во последниве десетина години. Интересен е податокот што речиси сите уметници присутни на изложбава печателе графики и реализирале свои самостојни изложби во Отвореното графичко студио во изминатава декада.
Критериумот во однос на селектираните автори е направен врз основа на нивната посветеност, истрајност, и континуитет во бавењето со овој медиум, но и во нивната смелост да исчекорат од строгите академски стеги (Тука пред сé мислам на бесмисленото фаворизирање на техниките на длабок печат- според ортодоксните графичари, императив за “вистинска” графика) и да експериментираат со другите медиуми (фотографија- Дијана Томиќ Радевска, Славица Јанешлиева, Оливер Мусовиќ; колаж - Атанас Ботев; објект-Андреј Марјановиќ).
Постои уште една вкоренета небулоза пласирана од академските структури-ирационален отпор кон прикажување на човечка фигура и инсистирање на некаква анахрона апстракција, небаре вистинската авторска зрелост се манифестира со сведување на графичкиот лист на минималистичка композиција прошарана со разни знаци, симболи и сл.
Последица од таквиот релаксиран однос е дефицит на занаетчиската вештина којашто е императив за понатамошно бавење со овој исклучително тежок медиум.
Повеќето уметници застапени на оваа изложба го третираат токму фигуративниот пристап, било да се работи за интимистички исповеди (Славица Јанешлиева), “рембрантовски” автопортрети (Ѓорѓи Равански), фасцинираност од светот на стрипот, “уличната” уметност и популарната култура (Марјановиќ, Елена Стојанова), еколошка освестеност (Соња Димовска), осаменост на поединецот во урбаното милје (Ивана Миленковска).
Тања Манева, Срѓан Миќиќ и Андреј Марјановиќ работат исклучиво во техника на висок печат -линорез, апсолвирајќ и ги неговите изразни можности до крајни граници. Нивните резултати ја потврдуваат тезата дека не постои хиерархија во однос на комплексноста на графичките техники. Роберт Дандаров и Тони Васиќ се крајно минуциозни во пластичното обликување на формите, првиот во сферите на надреализмот а вториот во корелацијата на знаковно-симболичките односи.
Најпосле, можеби токму споменатите околности ги мотивираат уметниците да навлезат порелаксирано во процесот на реализација на своите графички листови, свесни дека графиката е само средство за реализирање на сопствените прикаски коишто нестрпливо ѕиркаат од графичката матрица, чекајќи го моментот кога ќе го здогледаат светлото на белиот лист хартија и удобно ќе се вгнездат во него...

Атанас Ботев

*Figural Discourse in Current Macedonian Graphic Art*

The alchemic process of the graphic procedure is different from the painting one. While the painter can immediately follow the working process and control and correct the painting, the graphic artist can not foresee the final outcome until she/he prints the sample graphic sheet. On the one hand, it deprives the artist from enjoyment in the creation of the graphic print, but on the other hand it helps her/him achieve considerable technical perfection. Of course, the factor of surprise presents the graphic process with additional excitement.
The determination that drives the artist to engage in graphic art is partly due to her/his intention to solidly and definitely model the somewhat loose form of the drawing.
It is certain that the use of the technical-technological means don't release the forces which are more obvious when the artist practices the much easier process of drawing. The mechanical process of drawing sublimes the particular creative phases into one whole. There is no bigger joy than the one when the artist watches the birth of the graphic print on the sample graphic sheet...
This exhibition is not intended to offer a complete cross-section of everything that is relevant in the domain of the Macedonian contemporary graphic art. It is simply about a subjective review of all that is fresh and inventive in the field of graphic art in the past ten years. It is interesting that almost all of the artists included in this exhibition have printed their graphic sheets or had their solo exhibitions in the Open Graphic Studio in the course of the past decade.
The criterion by which the artists were selected was based upon their commitment, persistence and continuity in this medium, and also upon their courage to step outside the strict academic limitations (here I refer mostly to the senseless favoring of the "intaglio-like" printing techniques which is considered by the orthodox graphic artists an imperative for a "true" graphic art) and experiment with other media (photography - Dijana Tomić Radevska, Slavica Janešlieva, Oliver Musović; collage - Atanas Botev; object - Andrej Marjanović).
Another inanity stubbornly supported by the academic structures is the irrational resistance against the representation of human figures and insisting on a kind of an anachronous abstraction, as if the real artistic maturity can be proved only by reducing the graphic print to a minimalist composition filled with various signs, symbols, etc. The consequence of that relaxed attitude is the lack of skilled knowledge which is a must for any further engagement in this extremely difficult medium.
Most of the artists included in this exhibition deal with this particular figurative approach, like intimate confessions (Slavica Janešlieva), "Rembrandt-ish" self-portraits (Gjorgi Ravanski), fascination by the comics, the "street" art and the popular culture (Marjanović, Elena Stojanova), ecological awareness (Sonja Dimovska), the loneliness of the individual in the urban environment (Ivana Milenkovska).
Tanja Maneva, Srgjan Mićić and Andrej Marjanović work only in the technique of linocut, mastering its creative possibilities to the extreme. Their results support the thesis that there is no hierarchy in relation to the graphic techniques. Robert Dandarov and Toni Vasić are extraordinarily meticulous in their plastic modeling of the forms, the former in the domain of the surrealism and the latter in the correlation of the sign-symbolic connections.
Finally, it is perhaps the mentioned circumstances that motivate the artists to merge more relaxedly into the process of creation of their graphic prints, fully aware that the graphic art is just a means of telling their own stories which impatiently peek from the graphic matrix, waiting for he moment to see the light of the white sheet of paper and comfortably nest therein...

Atanas Botev

Катерина Биновска Katerina Binovska



*Спротивно од одраз*, 2004
сува игла, 29,5 x 20,3 cm
*Opposit of Reflection*, 2004,
dry point 29,5 x 20,3 cm



*Теди*, 2007
акватинта, темпера, 66 x 40 cm
*Teddy*, 2007,
aquatinte, tempera, 66x40 cm



*Фраīменūи*, 2004
акватинта, бакропис, 70x100 cm
*Fragments*, 2004,
aquatinte, copper etching, 70x100 cm




*St. Craniella*, 2006
етканица, 22,5x15 cm
*St. Craniella*, 2006,
etching, 21x13 cm




*Флорално*, 2008
интаглио, 7x5,5 cm
*Floral*, 2008
intaglio, 10x5 cm



*Проѕирно сеќавање*, 2003
комбинирани техники , 43x77 cm
*Transparent memory*, 2003,
mixed media , 43x77 cm



*Црно семе*, 2008
линорез, 70x50 cm
*Black seed*, 2008
linocut, 70x50 cm



*Графичка инсталација*, 2007
комбинирани техники
*Graphic installation*, 2007,
mixed media



*Лошото дете Хуго*, 2008
бакропис, 7x4 cm
*Nasty child Hugo*, 2008
copper etching, 7x4 cm



..., 2001
линорез, 63x50 cm
..., 2001,
linocut, 63x50 cm




*Eviction*, 2000
акватинта, 49,6x63,5 cm
*Eviction*, 2000
aquatinta, 40x60 cm



*Автопортрет*, 2008
сува игла, 8,5x6,5 cm
*Self-portrait*, 2008,
dry points, 8,5x6,5 cm

Дијана Томиќ Радевска Dijana Tomiќ Radevska



*Нашата игра*, 2005
сито печат линорез, 70x40x10 cm
*Our Game*, 2005
serigraphy, linocut, 70x40x10 cm



*Оган*, 2006
литографија, 70x50 cm
*Fire*, 2006,
lithograph, 70x50 cm

**КАТЕРИНА БИНОВСКА**
Родена во Скопје 1984
Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 2008г. - графички оддел, насока - графички дизајн во класата на проф. Зоран Јакимовски.

**KATERINA BINOVSKA**
Born 1984 in Skopje. She graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje 2008, Department of Graphic and Graphic Design.

**АТАНАС БОТЕВ**
Роден во Скопје, 1973.
Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1997 г.
Постдипломски студии на ФЛУ-Скопје, 1999г.

**ATANAS BOTEV**
Born 1973 in Skopje.
He graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje 1997.
He received MA from the Faculty of Fine Arts in Skopje 1999.

**ТОНИ ВАСИЌ**
Роден 1966 година во Скопје.
Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1991 г.
Магистрирал на ФЛУ на одделот графика 2002 година.

**TONI VASIC**
Born 1966 in Skopje.
He graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje 1991.
He received MA from the Faculty of Fine Arts in Skopje 2002.

**РОБЕРТ ДАНДАРОВ**
Роден во Крива Паланка, 1959г.
Студирал на Американската Акедемија за уметност во Чикаго, 1976-78
Студирал на Националната Академија за дизајн во Њујорк, 1981-83

**ROBERT DANDAROV**
Born 1959 in Kriva Palanka.
He graduated in National Academy of Design, NYC, NY. 1981-83
and American Academy of Art, Chicago, Il. 1976-78

**СОЊА ДИМОВСКА**
Родена 1974 година во Скопје.
Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1998 година, на графичкиот оддел, во класата на проф. Димитар Малиданов.
Магистрира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 2006 година, оддел графика, под менторство на проф. Димитар Малиданов.

**SONJA DIMOVSKA**
Born in Skopje, 1974.
BFA at the Academy of Fine Arts in Skopje in 1998, Printmaking Department, In the class of Prof. Dimitar Malidanov.
MFA at the Academy of Fine Arts in Skopje in 2005, Printmaking Department, In the class of Prof. Dimitar Malidanov.

**СЛАВИЦА ЈАНЕШЛИЕВА**
Родена во Скопје, 1973 година.
Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1996, отсек графика.
Магистрира на истиот факултет, 1998.

**SLAVICA JANESLIEVA**
BFA at the Academy of Fine Arts in Skopje in 1996, Printmaking Department.
MFA at the Academy of Fine Arts in Skopje in 1998, Printmaking Department.

**ТАТЈАНА МАНЕВА**
Родена 1978 година во Битола.
Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 2002 г.
2004 г. магистрира на отсекот графика на Факултетот за ликовни уметности, Скопје.

**TATJANA MANEVA**
Born 1978 in Bitola. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje in 2002. In 2004 she obtains an MA degree of Graphic Arts with Graphic Design.

**АНДРЕЈ МАРЈАНОВИЌ**
Роден 1978 во Скопје
Дипломир на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 2004 г. на графичкиот оддел,

**ANDREJ MARJANOVIC**
Born in Skopje, 1974.
BFA at the Academy of Fine Arts in Skopje in 1998, Printmaking Department.

**ИВАНА МИЛЕНКОВСКА**
Родена 1984 во Гевгелија
Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 2008 г. на графичкиот оддел.

**IVANA MILENKOVSKA**
Born in Gevgelija, 1984.
BFA at the Academy of Fine Arts in Skopje in 2008, Printmaking Department.

**СРЏАН МИЌИЌ**
Роден во Скопје, 1980 г.
Две години студира на Белоруската Академија за уметности во Минск на отсек графика.
Дипломира 2005 г. на Националната Академија за уметност во Софија на отсек графика.
Магистрира 2006 г. на истата академија на отсек сликарство.

**SRDZAN MIKIK**
Born 19809 in Skopje.
Two yeas he study in Belorusijan Academy of Art in Minsk on department of graphic art.
Graduated 2005 at National Academy of Fine Art in Sofija.
2006 he received MA from the same academy on department of painting.

**ОЛИВЕР МУСОВИЌ**
Роден во Скопје, 1971 г.
Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во 1997 година, а магистрира во 2004.

**OLIVER MUSOVIK**
Born 1971 in Skopje.
Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1997, MFA in 2004.

**ГЕОРГИ РАВАНСКИ**
Роден во Скопје 1979 г.
Дипломира на Националната Ликовна Академија во Софија, 2001г.
Р.Бугарија – отсек графика. 2003 магистрира на истата.

**GEORGI RAVANSKI**
Graduated 2005 at National Academy of Fine Art in Sofija on department of graphits art.
2006 he received MA from the same academy.

**ЕЛЕНА СТОЈАНОВА**
Родена во Скопје 1982 г.
Дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 2007 г. на графичкиот оддел, во класата на проф. Мирко Вујисиќ.

**ELENA STOJANOVA**
Born in Skopje, 1982.
BFA at the Academy of Fine Arts in Skopje in 2007, Printmaking Department, In the class of Prof. Dimitar Malidanov.

**ДИЈАНА ТОМИЌ РАДЕВСКА**
Родена во Скопје, 1961год. Дипломирала Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1984 г. на графичкиот оддел.

**DIJANA TOMIC RADEVSKA**
Born in Skopje, 1982.
BFA at the Academy of Fine Arts in Skopje in 2007, Printmaking Department

| | |
|---|---|
| *издавач*: | *publicher*: |
| Музеј на град Скопје | Museum of the City of Skopje |
| *за издавачот*: | *editor in Chief*: |
| Јован Шурбановски | Jovan Surbanovski |
| *куратор*: | *curator*: |
| Атанас Ботев | Atanas Botev |
| *предговор*: | *preface*: |
| Атанас Ботев | Atanas Botev |
| *превод од англиски*: | *translation into English*: |
| Маја ХаџиМитрова Иванова | Maja HadziMitrova Ivanova |
| *дизајн*: | *design*: |
| Атанас Ботев | Atanas Botev |
| *компјутерска обработка*: | *layout*: |
| Денис Тенев | Denis Tenev |
| *печати*: | *printed by*: |
| Софија Богданци | Sofija Bogdanci |

Поддржано од Град Скопје — Supported by City of Skopje

